romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" објавува**
Повик за формирање на Комуникациски тим за
електронското списание „Рома Индекс"

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот **„Зголемување на пристапот и учество на студенти Роми во високото образование и транзиција на пазарот на труд"** финансиран од Европската Унија (ЕУ) и Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта." објавува повик за формирање на Комуникациски тим за електронското списание „Рома Индекс".

Проектот е целосно поддржан од страна на Европската Унија (ЕУ) и Ромскиот образовен фонд (РЕФ) Будимпешта.

**Опис на електронското списание**

Електронското списание „Рома Индекс" преставува е-медиум каде студентите Роми од различни студиски програми, алумните на РОМАВЕРЗИТАС и експерти Роми од различни области ќе имаат можност да го изразат нивното критичко размислување, нивните ставови, анализи, полемики, информации и слично, во однос на различни актуелни прашања и теми кои ќе ја потикнат заедницата на Ромаверзитас и пошироката јавност да размислуваат, да се информираат, мотивираат и едуцираат.

**„Рома Индекс" содржи:**

1. Како младите Роми вршат транзиција на Пазарот на трудот
2. Информации кои се во прилог на промовирање на активностите на организацијата и тековните проекти, ажурирање на информативниот дел на веб страната на Ромаверзитас и развој на комуникацискиот сектор како и општи информации кои што се во интерес на студентите, алумните и пошироката јавност.
3. Колумни и ставови за одредени општествени теми
4. Студенски интерес, мудрости, Забава и рекреација

**<u>Работни задачи на Комуникацискиот тим на Рома Индекс и надоместок</u>**

Комуникацискиот тим на електронското списание „Рома Индекс" ќе биде составен од:

- **3 студенти**, кои ќе имаат задача да ја подготвуваат содржината на „Рома Индекс" поврзана со транзиција на пазарот на труд на Ромите
- **стручен уредник**/ментор кој што ќе организира, уредува содржини, лекторира, менторира и ќе гради капацитети на тимот.
- **графички дизајнер** за дизајнирање на сите содржини во е-издание
- **видео едитинг**, кој ќе има за задача да направи еден видео клип поврзан со транзиција на пазарот на труд на Ромите

**Селектираните лица во рамките на комуникацискиот тим ќе треба:**

- да подготват 1 број на Рома Индекс

- да учествуваат на минимум 2 работни состаноци во тековниот месец за подготовка и промоција на содржината
- да обработуваат теми поврзани со транзиција на пазарот на труд на Ромите
- да ја подготват содржината за една од наведените рубрики за која што ќе пројават интерес
- да дадат свој придонес во правењето на видео клипот поврзан со транзиција на пазарот на труд на Ромите
- да ги достават одредени текстови во договорените термин заедно со фотографии
- да соработуваат со тимот

Селектираните студенти ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторски надоместок. За студентите вклучени во комуникацискиот тим, по исполнување на нивните работните задачи предвидени за тековниот број на „Рома Индекс" ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра во денарска противвредност.

**Услови за аплицирање**

Кандидатите за Комуникацискиот тим составен од 3 лица треба да исполнат еден од наведените услови:

- да се редовни студенти запишани на студиските програми на државните или приватните универзитети во Република Македонија во академската 2020/2021;
- или да се дел од алумните на Ромаверзитас

Кандидатите за Комуникацискиот тим составен од стручно лице/ментор, графички дизајнер и видео едитинг треба да ги исполнат следните услови:

- да имаат минимум 1 година работно искуство во областа

**Начин и краен рок за аплицирање**

Документите за аплицирање треба да се достават по електронски пат на емаил адресата: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk, со назнака за Рома Индекс - Комуникациски тим, најдоцна до 20 Март 2021 год.